Уп. Бр.08-134/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено Телемах БХ д.о.о. Сараево (Telemach BH d.o.o. Sarajevo), со седиште на улица Џемал Биједиќ бр. 216, Сараево, Босна и Херцеговина, преку Бождар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 03.11.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување самостојна контрола од страна на друштвото Телемах БХ д.о.о. Сараево (Telemach BH d.o.o. Sarajevo), со седиште на улица Џемал Биједиќ бр. 216, Сараево, Босна и Херцеговина, над друштвото МИСС.НЕТ д.о.о. Бихаќ (MISS.NET d.o.o. Bihać), со седиште во Бихаќ, Сараевска 24, Босна и Херцеговина, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 05.10.2022 година, а дополнето на 20.10.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Телемах БХ д.о.о. Сараево (Telemach BH d.o.o. Sarajevo), со седиште на улица Џемал Биједиќ бр. 216, Сараево, Босна и Херцеговина, со која Телемах БХ д.о.о. ќе стекне самостојна контрола над друштвото МИСС.НЕТ д.о.о. Бихаќ (MISS.NET d.o.o. Bihać), со седиште во Бихаќ, Сараевска 24, Босна и Херцеговина, преку купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Телемах БХ д.о.о** претставува телекомуникациски оператор активен во Босна и Херцеговина, кој работи во потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави од регионот. БЦ фондовите

се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- Тотал ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на сателитска телекомуникација,
- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми, и
- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Северна Македонија БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));
- услуги за огласување (Директ Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

**МИСС НЕТ д.о.о** претставува телекомуникациски оператор кој е активен исклучиво во Босна и Херцеговина, и тоа на територијата на градовите Бихаќ, Цазин и Босанска Крупа, во Унско-санскиот кантон. Целното друштво на своите корисници им обезбедува услуги на фиксна телефонија, широкопојасен пристап на интернет (кабелски и оптички), како и дистрибуција на медиумски содржини.
МИСС НЕТ не е присутно и не остварува приход во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**